# Прирачник за велосипедски паркинзи пред музеите во Скопје

Доколку сакате да посетите музеј, изложба или некоја друга слична културна установа со точак, потребно е да знаете каде да го паркирате вашиот велосипед, а да не стравувате дека ќе ви биде украден при посетата.

Иако, и покрај сите мерки, постои опасност од кражба на велосипед, сметаме дека добар велосипедски паркинг може таа опасност да ја намали. Доброволците на Одржливи иницијативи проверија 23 јавни установи од областа на културата во Скопје дали имаат паркинг за велосипед. При тоа утврдено е дека 12 установи имаат сопствен велосипедски паркинг или пак постои велосипедски паркинг во нивна близина. Најголемиот паркинг е пред Нумизматичкиот музеј на Народна банка, со дури 55 места за паркирање на велосипед, а повеќето се со по 10 места, или помалку. Меѓутоа вистинскиот проблем е тоа што само пред 5 институции има велосипедски паркинг на кој безбедно може да се врзе велосипедот. Под безбедно мислиме да може да се врзе барем едно тркало и рамот. Односно, пред 9 институции има можност да се потпре велосипедот на едно тркало, а нема можност да се врзе рамот поради што тоа не е безбеден начин за паркирање на велосипед.

| | Можност за 1 точка на врзување за рамот | Можност за 2 точки на врзување за рамот | Број на велосипеди |
|---|---|---|---|
| Национална галерија на Македонија - Мултемедиален центар Мала станица | ✔ | X | 10-12 |
| ПМФ, Ботаничка градина | ✔ | X | 9 |
| Музеј на илегалните работилници за време на НОВ | ✔ | ✔ | 6 |
| Меморијален центар на холокаустот на Евреите од Македонија | ✔ | ✔ | 10 |
| Порта Македонија | ✔ | ✔ | 12 |

Табела: Институции со соодветен паркинг за велосипеди







Наша препорака за паркирање и безбедно врзување на велосипедот при посета на музеј или галерија во Скопје е, доколку нема соодветен паркинг за велосипеди, да се бара блиска ограда или бандера на која велосипедот ќе се заклучи. При тоа, препорачуваме да велосипедот биде заклучен со два катанци и тоа на тој начин што ќе биде врзано најмалку едно тркало и рамот за цврста конструкција, а другото тркало за самиот рам (доколку не е можно да се врзе и тоа за металната конструкција).

Важно е да се напомене дека безбедноста на велосипедот зависи и од самиот катанец, поради што потребно е да се обезбеди соодветен катанец (не штедете на катанецот). Следејќи ги овие препораки може да се посетат музеите и културните институции во Скопје.

**Велосипедска, културна прошетка Скриените музеи на Скопје** - проект за промоција на културните установи и заштитените и други културни добра во Град Скопје и неговата околина.
Проектот е финансиски поддржан од: Град Скопје и Министерство за култура.
Содржините и ставовите искажани се на авторите и не ги отсликуваат тие на донаторите.

Откриј ги прошетките
https://izi.travel/

Одржливи иницијативи - Скопје
www.inicijativi.org.mk

Авторски права © 2021 доброволците на Одржливи иницијативи